**20261883033**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 48 став (11), член 50 став (8), член 66 став (11), член 67 став (8), член 68 став (8), член 84 став (11), член 85 став (8), член 86 став (8), член 100 став (11), член 101 став (8) и член 102 став (8) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.148/26), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОТ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РЕПУТАЦИЈА НА ПРАВНО И ФИЗИЧКО ЛИЦЕ, НАЧИНОТ НА ЕЈЗИНОТО ДОСТАВУВАЊЕ, НАЧИНОТ НА ЦЕНЕЊЕ НА ДОКАЗИТЕ ЗА ПОТЕКЛОТО НА СРЕДСТВАТА, ОДНОСНО СТВАРИТЕ И ПРАВАТА КОИ СЕ ВНЕСЕНИ КАКО ОСНОВНА ГЛАВНИНА, ПРИФАТЛИВОСТА НА ВЛОГОВИТЕ ВО ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА КОИ ПОДНЕСУВААТ БАРАЊА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ТОМБОЛА ОД ЗАТВОРЕН ТИП, ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА ВО КАЗИНО, ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА ВО ОБЛОЖУВАЛНИЦА ИЛИ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ, ВИДОТ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ПРОМЕНА НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА И/ИЛИ ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА НА ТРГОВСКОТО ДРУШТВО НА КОЕ МУ Е ИЗДАДЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА ВО КАЗИНО, ЛИЦЕНЦА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА ВО ОБЛОЖУВАЛНИЦА ИЛИ ЛИЦЕНЦА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И НАДЗОР НА ТРГОВСКОТО ДРУШТВО НА КОЕ МУ Е ИЗДАДЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ТОМБОЛА ОД ЗАТВОРЕН ТИП, ЛИЦЕНЦА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА ВО КАЗИНО, ЛИЦЕНЦА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА ВО ОБЛОЖУВАЛНИЦА ИЛИ ЛИЦЕНЦА ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ, КАКО И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ДОСТАВУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видот на документацијата за исполнување на условите за репутација на правно и физичко лице, начинот на нејзиното доставување, начинот на ценење на доказите за потеклото на средствата, односно стварите и правата кои се внесени како основна главнина, прифатливоста на влоговите во основната главнина на трговските друштва кои поднесуваат барања за издавање на лиценца за приредување на томбола од затворен тип, за лиценца за приредување на игри на среќа во казино, за лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница или за лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб, видот на документацијата за исполнување на условите за промена на сопственичката структура и/или основната главнина на трговското друштво на кое му е издадена лиценца за приредување на игри на среќа во казино, лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница или лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб и за именување на членови на органи на управување и надзор на трговското друштво на кое му е издадена лиценца за приредување

на томбола од затворен тип, лиценца за приредување на игри на среќа во казино, лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница или  лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб, како и начинот на нејзиното доставување.

Член 2

За докажување на исполнетоста на условите за репутација за правно лице-трговско друштво кое поднело барање за издавање на лиценца за приредување на томбола од затворен тип, за лиценца за приредување на игри на среќа во казино, за лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница или за лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб, како и за неговите содружници или акционери доколку истите се правни лица, до Министерството за финансии потребно е да се достави следната документација:

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа;
- потврда дека против правното лице не е отворена стечајна постапка и
- изјава под морална, материјална и кривична одговорност дека во последните две години не му било одбиено барање за добивање лиценца за приредување на игри на среќа согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри, заверена на нотар.

Доколку правното лице од ставот 1 на овој член е странско правно лице, односно има содружник или акционер кој е странско правно лице, а во земјата во која е регистриран  не се издаваат потврдите од ставот 1 алинеи 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член, потребно е да достави потврда, уверение или друг вид на соодветен документ издаден од надлежен орган во земјата во која е регистриран со кои ќе може да се потврди дека ги исполнува условите од ставот 1 алинеи 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член.

Документацијата од ставот 1 на овој член не може да биде постара од 60 дена, сметајќи од денот на издавањето до денот на доставувањето до Министерството за финансии, а се приложува во оригинал или во копија заверена на нотар. За документацијата која во оргинал е на странски јазик потребно е да се приложи и заверен превод од овластен судски преведувач.

Член 3

За докажување на исполнетоста на условите за репутација за физичко лице- акционер или содружник, член на орган на управување и надзор на трговското друштво кое го поднело барањето за издање на лиценца за приредување на томбола од затворен тип, за лиценца за приредување на игри на среќа во казино, за лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница или за лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб, до Министерството за финансии потребно е да се достави следната документација:

- потврда дека не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност од областа на игрите на среќа;
- потврда од надлежен суд дека лицето не било осудено на безусловна казна затвор над шест месеци од областа на игрите на среќа, се додека траат правните последици од пресудата;
- изјава под морална, материјална и кривична одговорност дека нема соработник кој е осуден на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата, заверена на нотар;
- изјава под морална, материјална и кривична одговорност дека не постојат околности поврзани со неговото професионално или деловно работење кои можат да влијаат врз неговата репутација и подобност за вршење на функцијата, заверена на нотар и
- изјава под морална, материјална и кривична одговорност дека лицето не извршувало функција во орган на управување во трговско друштво за приредување на игри на среќа над кое е отворена постапка за стечај и на кое му била одземена лиценцата за приредување на игрите на среќа во последните три години, заверена на нотар.

Доколку физичкото лице од ставот 1 на овој член не е државјанин на Република Северна Македонија, а во земјата во која е државјанин, како и во земјата во која има живеалиште или престојувалиште не се издаваат потврдите од ставот 1 алинеи 1 и 2 на овој член, потребно е да се достави потврда, уверение или друг вид на соодветен документ издаден од надлежен орган во земјата во која е државјанин, како и во земјата во која има живеалиште или престојувалиште со кои ќе може да се потврди дека ги исполнува условите од ставот 1 алинеи 1 и 2 на овој член.

Документацијата од ставот 1 на овој член не може да биде постара од 60 дена, сметајќи од денот на издавањето до денот на доставувањето до Министерството за финансии, а се приложува во оригинал или во копија заверена на нотар. За документацијата која во оргинал е на странски јазик потребно е да се приложи и заверен превод од овластен судски преведувач.

Член 4

Влогот во основната главнина на трговското друштво кое има поднесено барање за издавање на лиценца за приредување на томбола од затворен тип, лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница, лиценца за приредување на игри на среќа во казино или лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб или има поднесно барање за промена на основна главнина на трговско друштво на кое е издадена лиценца за приредување на игри на среќа во казино, за лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница или за лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб може да биде паричен (пари) или непаричен (движни ствари, недвижни ствари и права).

Член 5

Доколку влогот во основната главнина од членот 4 од овој правилник се состои од паричен влог (пари), истиот не треба да потекнува од заеми дадени на содружниците на трговските друштва кои приредуваат игри на среќа од страна на физички или правни лица или кредити од банкарска или небанкарска институција.

Прифатливи докази за потеклото на паричниот влог од ставот 1 на овој член се следните:
- потврда или друг документ издаден од банка за уплата на влогот во основната главнина на трговското друштво;

- изводи од банкарските сметки на основачот, односно содружникот или акционерот на трговското друштво што го покажува движењето на средствата;
- налози за плаќање или други платежни документи со кои се докажува преносот на средствата;
- договор за пренос на удел, заверен на нотар и доколку уделот е пренесен со надоместок, во тој случај потребен е доказ за извршено плаќање и докази за потекло на средствата со кои е купен уделот од новиот содружник;
- ако средствата потекнуваат од продажба на имот-договор за продажба и доказ за исплатата и прием на средствата;
- ако средствата потекнуваат од плата, дивиденда или добивка и од други приходи на правно или физичко лице-потврда од банка, одлука за распределба на добивка, финансиски извештаи;
- ако средствата потекнуваат од подарок или наследство-доказ за дадениот подарок или наследство, заверени на нотар и доказ за исплатата на средствата;
- ако средствата потекнуваат од трансформација на даден заем на трговското друштво од страна на неговите основачи, односно содружници или акционери во влог на трговското друштво-одлука за даден заем, заверена на нотар, потврда од банка за исплата на средствата на трговското друштво по основ на дадениот заем, одлука за трансформација на заемот во влог, заверена на нотар и
- други соодветни докази од кои може да се утврди потеклото на паричниот влог.

При ценење на доказите за потеклото на паричниот влог Министерството за финансии особено оценува дали постои непрекинат траг на движењето на паричните средства, од нивниот извор, преку банкарските сметки на лицето кое го врши влогот, до нивната уплата во основната главнина на трговското друштво.

Сите докази за потеклото на паричниот влог се доставуваат до Министерството за финансии во оригинал или во копија заверена на нотар. За документацијата која во оргинал е на странски јазик потребно е да се приложи и заверен превод од овластен судски преведувач.

Член 6

Доколку влогот во основната главнина од членот 4 од овој правилник се состои од непаричен влог (движни ствари, недвижни ствари и права), потребно е да постојат докази за сопственоста и правниот основ за неговото внесување во основната главнина, а истиот треба да биде во функција на приредувањето на игрите на среќа и да се состои од следното:

- автомати и маси за игри на среќа и друга опрема која служи за извршување на дејноста игри на среќа;
- серверска и ИТ опрема, системи за безбедност и друга техничка опрема за приредување на игри на среќа;
- недвижни ствари кои се ставени во функција на извршување на дејноста (деловните простории во кои се приредуваат игрите на среќа или на друг начин се поврзани со приредувањето на игрите на среќа) и
- право од интелектуална сопственост, лиценци, софтвер и други права кои непосредно служат за приредување на игрите на среќа.

Прифатливи докази за потеклото на непаричниот влог од ставот 1 на овој член се следните:

- фактура издадена на име на основачот, односно содружникот или акционерот кој го внесува влогот во основната главнина;

- договор за купопродажба, заверен на нотар;
- царинска декларација;
- договор за пренос на удел, заверен на нотар и доколку уделот е пренесен со надоместок, во тој случај потребен е доказ за извршено плаќање и докази за потекло на средствата со кои е купен уделот од новиот содружник;
- ако движните ствари, недвижните ствари или правата се стекнати како резултат на наследство или подарок, во тој случај потребен е доказ за наследство или подарок, заверен на нотар;
- доказ од надлежен орган со кој се докажува сопственоста на недвижните ствари, односно дека истите се сопственост на содружникот на трговското друштво;
- имотен лист за недвижни ствари кои претставуваат влог, чија сопственост е пренесена на име на трговското друштво кое ги приредува игрите на среќа;
- договор за пренос или отстапување на правото и решение или исправа со која се докажува сопственоста на правото;
- проценка на непаричниот влог изготвена од овластен проценител не постара од шест месеци од денот на издавањето до денот на поднесувањето на барањето за лиценца или претходна согласност до Министерството за финансии и
- други соодветни докази од кои може да се утврди потеклото на непаричниот влог.

При ценење на доказите за потеклото на непаричниот влог, Министерството за финансии го има во предвид најмалку следното:
- доколку доказот е фактура, договор за купопродажба или царинска декларација потребен е и доказ за извршено плаќање, а доколку е дадено плаќање на рати, потребен е доказ за извршено плаќање на пристигнатите рати;
- доколку доказот е договор за пренос на удел со надоместок, потребен е доказ за извршено плаќање и докази за потекло на средствата со кои е купен уделот од новиот содружник;
- доколку на недвижната ствар има хипотека или друг товар или ограничување, потребна е согласност од носителот на правото дека недвижната ствар може да стави како влог во основната главнина на трговското друштво и
- проценката треба да биде изготвена врз основа на документацијата со која се докажува сопственоста, потеклото и правниот основ за стекнување на непаричниот влог.

Сите докази за потеклото на непаричниот влог се доставуваат до Министерството за финансии во оригинал или во копија заверена на нотар. За документацијата која во оргинал е на странски јазик потребно е да се приложи и заверен превод од овластен судски преведувач.

Член 7

За добивање на решение за давање на претходна согласност за промена на сопственичката структура на трговското друштво на кое му е издадена лиценца за приредување на игри на среќа во казино, лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница или лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб, подносителот на барањето до Министерството за финансии треба да достави:
- докази за исполнување на условите за репутација на новиот содружник и/или акционер-правно или физичко лице,
- докази за потеклото на средствата, односно стварите и правата кои се внесуваат во основната главнина доколку новиот содружник и/или акционер пристапува во трговското друштво со нов влог и

-договор за пренос на удел, заверен на нотар со докази за извршено плаќање и потекло на средствата, доколку новиот содружник и/или акционер пристапува во трговското друштво преку купување на удел од постојан содружник и/или акционер.

За добивање на решение за давање на претходна согласност за промена на основната главнина на трговското друштво на кое му е издадена лиценца за приредување на игри на среќа во казино, лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница или лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб, доколку се врши зголемување на основната главнина, подносителот на барањето до Министерството за финансии доставува докази за потеклото на средствата, односно стварите и правата кои се внесуваат во основната главнина.

За случаите од ставовите 1 и 2 на овој член, во однос на доказите и начинот на нивното доставување до Министерството за финансии соодветно се применуваат одредбите од членовите 2, 3, 5 и 6 од овој правилник.

За добивање на решение за давање на претходна согласност за промена на основната главнина на трговското друштво на кое му е издадена лиценца за приредување на игри на среќа во казино, лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница или лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб, доколку се врши намалување на основната главнина, подносителот на барањето до Министерството за финансии доставува образложение за причините за намалување на основната главнина и тековна состојба на трговското друштво не постара од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

Член 8

За добивање на решение за давање на претходна согласност за именување на членови на органите на управување и надзор на трговското друштво на кое му е издадена лиценца за приредување на томбола од затворен тип, лиценца за приредување на игри на среќа во казино, лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница или лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб, подносителот на барањето до Министерството за финансии треба да ја достави следната документација:

- потврда дека не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност од областа на игрите на среќа;

- потврда од надлежен суд дека лицето не било осудено на безусловна казна затвор над шест месеци од областа на игрите на среќа, се додека траат правните последици од пресудата;

- изјава под морална, материјална и кривична одговорност дека нема соработник кој е осуден на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата, заверена на нотар;

- изјава под морална, материјална и кривична одговорност дека не постојат околности поврзани со неговото професионално или деловно работење кои можат да влијаат врз неговата репутација и подобност за вршење на функцијата, заверена на нотар;

- изјава под морална, материјална и кривична одговорност дека лицето не извршувало функција во орган на управување во трговско друштво за приредување на игри на среќа над кое е отворена стечајна постапка и на кое му била одземена лиценцата за приредување на игрите на среќа во последните три години, заверена на нотар и

- изјава под морална, материјална и кривична одговорност дека не било одговорно лице во трговско друштво за игри на среќа над кое е поведена стечајна постапка.

Доколку физичкото лице за кое се бара претходна согласност за именување како член на органите на управување и надзор на трговското друштво од ставот 1 на овој член не е државјанин на Република Северна Македонија, а во земјата во која е државјанин, како и во

земјата во која има живеалиште или престојувалиште не се издаваат потврдите од ставот 1 алинеи 1 и 2 на овој член, потребно е да достави потврда, уверение или друг вид на соодветен документ издаден од надлежен орган во земјата во која е државјанин, како и во земјата во која има живеалиште или престојувалиште со кои ќе може да се потврди дека ги исполнува условите од ставот 1 алинеи 1 и 2 на овој член.

Документацијата од ставот 1 на овој член не може да биде постара од 60 дена, сметајќи од денот на издавањето до денот на доставувањето до Министерството за финансии, а се приложува во оригинал или во копија заверена на нотар. За документацијата која во оргинал е на странски јазик потребно е да се приложи и заверен превод од овластен судски преведувач.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-7662/1
11 август 2026 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска**, с.р.